[redacted]

[redacted]

11.11.2022 година, Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar: 14-11-2022
Орг. Единица / Nj. Organizative: 03 | Број / Numri: - 9266 | Прилог / Shtojcë: 1 | Вредност / Vlera:

**До:**
**Државна комисија за спречување на корупцијата**

**Предмет**: **Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со јавната дебата на тема „Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција“, а која се одржа на ден 16.02.2022 година преку зум платформата, на која учество зема и претставник од [redacted]

Како во самата покана, така и за време на јавната дебата беше посочено дека од дискусијата на јавната дебата ќе бидат извлечени заклучни согледувања, кои понатаму ќе бидат доставени до надлежните институции.

Имајќи го предвид наведеното, а врз основа на член 4 од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.М. бр.101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни ги доставите следните информации:

- **Дали Државната комисија за спречување на корупцијата испрати заклучни согледувања од јавната дебата на тема „Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција“ до надлежните институции;**
- **Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истите.**

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во <u>писмена и/или електронска форма</u> на следните адреси:

[redacted]

Со почит,

[redacted]

"ФРОНТ 21/42"
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-9266/2
18-11-2022 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-9266/1 од 14.11.2022 година, доставено од [redacted], го донесе, следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-9266/1 од 14.11.2022 година, доставено од [redacted] преку писмена форма до архивата ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: ***„Дали Државната комисија за спречување на корупцијата испрати заклучни согледувања од јавната дебата на тема „Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција" до надлежните институции; Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истите".***

Доставеното барање е примено во ДКСК, заведено под архивски бр. 03-9266/1 од 14.11.2022, по истото ќе се постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Со оглед на содржината на барањето каде е прецизирано од страна на барателот со која информација зака да се запознае, ДКСК констатираше дека располага со бараните информации и одлучи до барателот да се дадат бараните информации документи на начин наведено во барањето.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

Да се достави до:
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-9266/3
18-11-2022 г./v.

До
[redacted]

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-9266/1 од 14.11.2022 година, со кое барате: ***„Дали Државната комисија за спречување на корупцијата испрати заклучни согледувања од јавната дебата на тема „Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција" до надлежните институции; Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истите".*** Ве известуваме за следното:

На ден 16 февруари 2022 година, преку ZOOM комуникациската платформа во организација на ДКСК се одржа јавна дебата на тема: ***„Измена на регулативата за урбанистичко планирање – потреба или ризик од корупција".***

Од јавната дебата произлегоа неколку заклучоци и согледувања за што ДКСК изготви записник и истиот е доставен до надлежните институции.

Во прилог Ви доставуваме копија од дописите кои се доставени до надлежните институции и тоа:

- Копија од достава на записник од јавна дебата доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање бр. 11-1029/4 од 03.06.2022 година.
- Копија од достава на записник од јавна дебата доставено до Министерство за транспорт и врски бр. 11-1029/5 од 03.06.2022 година.
- Копија од достава на записник од јавна дебата доставено до Агенцијата за планирање на просторот бр. 11-1029/4 од 03.06.2022 година.

Дополнително заклучните согледувања кои се доставени до надлежните институции јавно се објавени на интернет страната на ДКСК на следниот линк:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

https://dksk.mk/%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d1%81%d0%be%d0%b3%d0%bb%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b0-%d0%be%d0%b4-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d0%b1%d0%b0%d1%82%d0%b0/?hilite=%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0+%D0%B4%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Изготвил:
Согласен: